Fachhochschule Nordwestschweiz
Pädagogische Hochschule

# ESKE

## Ermittlung schulsprachlicher Kompetenzen in der Erstsprache

# MAZEDONISCH

## Aufgabenset 3 bis 4 Jahre Schulerfahrung

© Pädagogische Hochschule FHNW 2020

Professur Deutschdidaktik und Mehrsprachigkeit im Kindesalter

Ursula Ritzau

**Задачи**

1. Следи ги упатствата и заокружи ги точните предмети.

а. Заокружи го кучето, козата и коњот.



б. Заокружи ги чевлите, чорапите и фустанот.



в. Заокружи ја шолјата, чинијата и ножот.






© 2020 Pädagogische Hochschule Fachhochschule Nordwestschweiz
IKU Prof. Deutschdidaktik und Mehrsprachigkeit im Kindesalter

2. Следи ги упатствата.

а. Чичко ми има дуќан покрај еден ресторан. Сега, неговите рози пред зградата се многу големи. Следната недела тој ќе има многу работа, бидејќи ќе направи голема продажба. Заокружи ја продавницата на чичкото.



б. Во нашата училница клупите се во круг. Клупата на Марија е близу до вратата. На клупата на Марија има четири книги. Заокружи ја клупата на Марија.



в. Во нашиот парк има игралиште каде играат многу деца. Мајките седат на клупите под дрвјата. Мајката на Кристијан седи на клупата до цвеќињата. Заокружи ја мајката на Кристијан.





© 2020 Pädagogische Hochschule Fachhochschule Nordwestschweiz
IKU Prof. Deutschdidaktik und Mehrsprachigkeit im Kindesalter

3. Пронајди го вистинскиот текст за сликата. Заокружи го текстот.



| | | |
|---|---|---|
| Момчето го сакаше омилениот оброк за својот роденден: шпагети. Мајка му му сервираше една голема порција која беше многу вкусна. | Момчето имаше големо изненадување минатата недела. Неговиот чичко му стави морски рак во неговата чинија. Тој изгледаше опасно и имаше големи канџи. | Момчето сака да ја посети својата баба. Таа секогаш ја готви неговата омилена храна. Вчера таа испече чоколаден колач. Тој изеде големо парче. |


© 2020 Pädagogische Hochschule Fachhochschule Nordwestschweiz
IKU Prof. Deutschdidaktik und Mehrsprachigkeit im Kindesalter

4. Прочитај го текстот и обележи го точниот исказ.

Кучињата и луѓето имаат долга заедничка историја. Некои кучиња се диви, други служат како чувари, како кучиња за лов, полициски кучиња или миленичиња. Кучињата дури можат да поддржат слепи луѓе во секојдневниот живот, на пример ако треба да се ориентираат во сообраќајот. Кучињата ги има на сите континенти и се сродни со волците и лисиците.

а) Кучиња има низ целиот свет. точно ☐ неточно ☐

б) Кучињата можат да им помогнат на слепите луѓе во секојдневниот живот. точно ☐ неточно ☐

в) Диви кучиња повеќе не постојат. точно ☐ неточно ☐

г) Волците се сродни со кучињата, но лисиците не се. точно ☐ неточно ☐


© 2020 Pädagogische Hochschule Fachhochschule Nordwestschweiz
IKU Prof. Deutschdidaktik und Mehrsprachigkeit im Kindesalter

5. Прочитај го текстот за сликата на глас.



**Лавот и лисицата**
Еднаш, одамна имаше еден стар лав. Тој беше изнемоштен за да оди на лов. Затоа си најде пештера. Таму си легна.

Другите животни чувствувале голема жал за царот на животните. Еден по еден доаѓале да го посетат лавот.

Еден ден лисицата дошла да го посети. Таа застанала пред пештерата. Лавот лелекал: „Влези. Премногу сум немоќен за да те пречекам.“

Лисицата одговорила: „Јас повеќе би сакала да останам тука и да чекам додека не си отидат другите посетители. Оти гледам многу траги од животни што водат кон твојата пештера, но ниту една не води надвор.“


© 2020 Pädagogische Hochschule Fachhochschule Nordwestschweiz
IKU Prof. Deutschdidaktik und Mehrsprachigkeit im Kindesalter

6. Прочитај го текстот во вежба 5 и следниве искази. Обележи во полето што е точно или неточно.

| | |
|---|---|
| а) Лавот лежел во пештерата во целата приказна. | точно ☐<br>неточно ☐ |
| б) Лисицата влегла во пештерата. | точно ☐<br>неточно ☐ |
| в) Лавот ги изел другите животни. | точно ☐<br>неточно ☐ |



© 2020 Pädagogische Hochschule Fachhochschule Nordwestschweiz
IKU Prof. Deutschdidaktik und Mehrsprachigkeit im Kindesalter

7. Објасни усмено за што се работи во задача 5.



© 2020 Pädagogische Hochschule Fachhochschule Nordwestschweiz
IKU Prof. Deutschdidaktik und Mehrsprachigkeit im Kindesalter

8. Прочитај го текстот во вежба 5 и одговори усмено на следниве прашања.

- Дали мислиш дека лавот бил болен?
- Дали лисицата била поитра  од другите животни? Можеш ли да ми објасниш зошто мислиш така?
- Дали мислиш дека можеме да научиме нешто од оваа приказна? Можеш ли да ми објасниш зошто мислиш така?


© 2020 Pädagogische Hochschule Fachhochschule Nordwestschweiz
IKU Prof. Deutschdidaktik und Mehrsprachigkeit im Kindesalter

9. Избери една од петте слики и објасни која професија можеш да ја видиш на неа.














© 2020 Pädagogische Hochschule Fachhochschule Nordwestschweiz
IKU Prof. Deutschdidaktik und Mehrsprachigkeit im Kindesalter

10. Размисли што сакаш да работиш кога ќе пораснеш. Напиши овде краток текст.



© 2020 Pädagogische Hochschule Fachhochschule Nordwestschweiz
IKU Prof. Deutschdidaktik und Mehrsprachigkeit im Kindesalter